Република Северна Македонија
Универзитет Св. Климент Охридски-Битола
Правен факултет - Кичево
Дисперзирани студии - Битола
Бр. 03-531/1
26.04. 2022 година
БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 09-238/1
26-04-2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

*помеѓу*

**1. ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ - КИЧЕВО, УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" – БИТОЛА,** ул. Рудничка бб, 6250 Кичево, претставуван од деканот проф. д-р Горан Илиќ од една страна и

**2. КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА,** ул. Даме Груев, бр.1, 1000 Скопје, застапувана од претседателот Кире Василев од друга страна

Правниот факултет, единица на Универзитетот „Св. Климент Охридски" од Битола и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: договорни страни), заради унапредување на соработката и формално регулирање на взаемните односи, а во согласност со важечкото законодавство и интерните акти, се договорија за следното:

**Член 1**

Предмет на овој Меморандум е воспоставување на долгорочна научно-стручна, образовна и апликативна соработка помеѓу договорните страни.

**Член 2**

Со овој Меморандум за соработка, договорните страни се определуваат за:

- Соработка во едукативни процеси преку ангажирање на експерти од практиката за реализација на клиничка (стручно-практична) настава;
- Организирање и реализација на практична настава за студентите во зависност од расположивите можности на Комисијата;
- Консултации и експертизи;
- Вклучување експерти во исполнувањето на теоретските содржини на студиските програми;
- Воспоставување на контакти и презентација на договорените страни пред домашни и странски субјекти;
- Организирање на тркалезни маси и размена на искуства на форуми, панели, трибини и дискусии;
- Преземање на заеднички акции за унапредување на пристапот до правда за граѓаните.

**Член 3**

Договорните страни ќе ги почитуваат начелата за заштита на личните податоци, ќе вршат обработка на личните податоци согласно закон и ќе ги чуваат како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита.

**Член 4**

Меморандумот за соработка се склучува на неопределен период.
За тоа што не е предвидено во овој меморандум за соработка, ќе се склучат дополнителни договори за определената соработка.
Секоја страна има право да го раскине овој меморандум еднострано без никакви условувања или надомест на штета.

**Член 5**

Меморандумот за соработка стапува на сила со денот на потпишувањето.
Измена и дополнување на овој меморандум може да се склучи со Анекс кон овој меморандум и истиот задолжително се составува во писмена форма.

**Член 6**

Во случај на било каков спор и тешкотии во остварувањето на определбите на овој Меморандум, договорните страни веднаш меѓусебно ќе се консултираат. Доколку било која од договорните страни одлучи да го прекине Меморандумот за соработка, тоа мора да го направи со формално писмено известување до другата страна, 3 (три) месеци однапред, наведувајќи ја причината за прекинот.

**Член 7**

Овој Меморандум за соработка е потпишан во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

Скопје, 26.04.2022 година

| | |
|---|---|
| **Комисија за спречување и заштита од дискриминација** | **Универзитет „Св. Климент Охридски"- Битола Правен факултет - Кичево** |
| ***Претседател*** | ***Декан*** |
| Кире Василев | проф. д-р Горан Илиќ |